РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-93/5
05.04.2022 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 58 став 10 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020) Градоначалникот на Општина Ранковце, на предлог на Комисијата за урбанизам формирана од страна на градоначалникот на Општина Ранковце со решение бр.08-213/1 од 10.02.2022 година, за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Е-Инфраструктура Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.2392, к.п.2393, дел од к.п.2400 и к.п.2401, К.О. Ранковце, Општина Ранковце, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Е-Инфраструктура Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.2392, к.п.2393, дел од к.п.2400 и к.п.2401,К.О. Ранковце, Општина Ранковце

1. СЕ ОДОБРУВА Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Е-Инфраструктура Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.2392, к.п.2393, дел од к.п.2400 и к.п.2401,К.О. Ранковце, Општина Ранковце, со тех.број 45/21 од декември 2021 година, изработен од страна на ДУПИ „ПЛАНЕРИС" ДООЕЛ Куманово.
2. Вкупната површина во рамките на планскиот опфат изнесува 14657,96 м2.
3. Составен дел на ова Решение е Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Е-Инфраструктура Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.2392, к.п.2393, дел од к.п.2400 и к.п.2401, К.О. Ранковце, Општина Ранковце, со тех.број 45/21 од декември 2021 година, изработена од ДУПИ „ПЛАНЕРИС" ДООЕЛ Куманово, а истиот го одобрува градоначалникот врз основа на мислењето за одобрување на урбанистичкиот проект од страна на Комисијата за урбанизам бр.22-93/3 од 03.03.2022 година.
4. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени (Ажурирана геодетска подлога) со деловоден број 08-158/3 од 31.05.2021 година, изработен од „ГЕОМЕТАР ПРО.ИНГ" ДОО Свети Николе;
5. Извештај од извршена стручна ревизија на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Е-Инфраструктура Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.2392, к.п.2393, дел од к.п.2400 и к.п.2401, К.О. Ранковце, Општина Ранковце, со тех.број Р.У-02/22 од јануари 2022 година, извршен од „УРБАН ГИС" ДОО Куманово.

О б р а з л о ж е н и е

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам, со број 22-1454/1 од 17.12.2021 година, за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Е-Инфраструктура Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.2392, к.п.2393, дел од к.п.2400 и к.п.2401, К.О. Ранковце, Општина Ранковце, со тех.број 45/21 од декември 2021 година.

Комисијата за урбанизам формирана со решение бр.08-213/1 од 10.02.2022 година, даде Мислење за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Е-Инфраструктура Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.2392, к.п.2393, дел од к.п.2400 и к.п.2401, К.О. Ранковце, Општина Ранковце, со тех.број 45/21 од декември 2021 година, бр. 22-93/3 од 03.03.2022 година, со предвидена класа на намена:

- Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани

Во границите на планскиот опфат планирана е 1 градежна парцела со следните основни класи на намена:

- Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани, со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основните согласно Правилникот за урбанистичко планирање („ Сл. Весник на РСМ“ бр.225/20 и 219/21).

Врз основа на горенаведеното градоначалникот констатира дека се исполнети условите од член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија “бр.32/2020), и Правилникот за урбанистичко планирање („ Сл. Весник на РСМ“ бр.225/20 и 219/21) и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski
Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, ou=Oddelenie za urbanizam, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=173169, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2022.04.05 13:37:36 +02'00'

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ * РАНКОВЦЕ *

BORCHE SPASOVSKI
Digitally signed by BORCHE SPASOVSKI
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=166537, title=GRADONACALNIK, sn=SPASOVSKI, givenName=BORCHE, cn=BORCHE SPASOVSKI
Date: 2022.04.05 13:38:31 +02'00'